Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 12.09.2014
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
10 | 4513/2 | 1 |

# ИЗВЕШТАЈ

## од редовниот надзор на програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 септември 2014 година

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беа:

- обврските за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации; и
- обврските за заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој.

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на ТРД Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, од 2 септември 2014 година, е констатирано **прекршување на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (рекламирањето и телешопингот треба да бидат јасно препознатливи и одвоени од другите делови на програмата со оптички и/или звучни средства или со просторни средства).

Во неколку наврати во анализираниот ден е регистрирано емитување на рекламни спотови за пивото „Златен даб“ што не се јасно одвоени од другите делови од програмата, односно се емитувани без да се означат со оптички и/или звучни средства.

| Содржина | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| Реклама без најавна и одјавна шпица (пиво „Златен даб“) | 16:31:06 | 16:31:17 |
| Реклама без најавна и одјавна шпица (пиво „Златен даб“) | 17:36:00 | 17:36:11 |
| Реклама без најавна и одјавна шпица (пиво „Златен даб“) | 17:54:49 | 17:55:00 |
| Реклама без најавна и одјавна шпица (пиво „Златен даб“) | 18:04:15 | 18:04:26 |
| Реклама без најавна и одјавна шпица (пиво „Златен даб“) | 18:59:00 | 18:59:12 |
| Реклама без најавна и одјавна шпица (пиво „Златен даб“) | 22:05:03 | 22:05:16 |
| Реклама без најавна и одјавна шпица (пиво „Златен даб“) | 22:34:28 | 22:35:01 |
| Реклама без најавна и одјавна шпица (пиво „Златен даб“) | 23:15:32 | 23:15:43 |
| Реклама без најавна и одјавна шпица (пиво „Златен даб“) | 23:24:12 | 23:24:23 |

***Опис на прекршувањето:***

Спротивно на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, на 2 септември 2014 година, е регистрирано емитување на рекламни содржини што не се јасно одвоени од другите делови од програмата со оптички и/или звучни средства.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*12.09.2014 година*

| **Претходно изречена мерка:** |
| --- |
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата се дава следната

**Предлог на мерка:**

- да се преземе мерка – опомена, и

- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).